РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1508/2
од 25.04. .2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГОЛЕМ РАДОБИЛ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Голем Радобил, на подрачјето на КО Голем Радобил во Општина Прилеп. С. Голем Радобил е ридско планинско село на надморска висина од околу 790.00 мнв во општина Прилеп, која се наоѓа во североисточниот дел на Пелагонискиот регион. Селото Голем Радобил, КО Голем Радобил се наоѓаат североисточно од градот Прилеп опкружено со атарите на селата Ракле и Фариш од север, Кесендре и Грбовец од исток, Галиште и Смолани од југ и Мал Радобил и Топлица од запад. Селото Голем Радобил, КО Голем Радобил во атарот на селото е опкружено со месностите Дабец и Коло Габер од север, ридот Гологан и Крстец од исток, Рудинкана и Мал Радобил од југ и Валовица и Ридот од запад. Определената и дадена ситуација на населбата поточно се најдува на североисток од Прилеп на 26,60 km, а пристапот е преку асфалтен и земјен пат. Во с. Голем Радобил се пристигнува преку Магистралниот пат А1 Градско-Прилеп-Битола-Макази, од кој се одделува локален пат, а во селото се влегува од северозапад.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Голем Радобил со разработка на блок 2, Општина Прилеп, **зафаќа површина од 12,29 ха**, е дефиниран со следните граници:

- на север границата се движи по северната граница на КП1508, по западната граница на КП1548, продолжува по западните граници на КП1507, 1501, 1500, се движи по северната граница на КП1500, 1548, 1502, 1503, се движи по западните граници на КП1539, 1537 и се движи по северните граници на КП1537, 1538, 1542
- на исток границата ги прати источните граници на КП1542, 1548, 1555, 1556, 1577, 1572, 1575, 1587, 1588, 1535, 1603, 1611, 1613 и 1614
- на југ границата минува по југо-западните граници на КП1614, 1654, 1535, се движи по источните граници на КП1655, 1678, по југо-источните граници на КП1679, 1535, 1674, 1692, 1691, се движи по јужните граници на КП1690, 1693, 1689, 1686, 1674, 1535, 1721, 1722, 1715, 1714 и 1713
- на запад границата се движи по границите на КП1713, 1711, 1535, 1702, 1700, се движи по северната граница на КП1700, 1701, 1699, 1535, 1698, по северо-западната граница на КП1535, 1697, 1694, по северната граница на КП1625, 1624, 1622, 1620, 1621, 1619, 1534, по западната граница на КП1577, се движи по југо-западната граница на КП1532 и 1548

За конкретниот плански опфат, нема претходна планска документација.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ГОЛЕМ РАДОБИЛ СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 2, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Општина Прилеп